**ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА**

**ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА КОЛОКАЦИЈА НА РЕК ОРМАР**

**ИЛИ ЕДИНИЦА ОД РЕК ОРМАР ВО ПОДАТОЧНИОТ ЦЕНТАР НА МАРнет**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Во општите правила и услови за колокација на рек ормар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет се уредуваат општите правила и начинот на колокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на Македонска академска истражувачка мрежа – МАРнет (во понатамошниот текст: МАРнет),како и се што се смета за недозволена, а што дозволенаколокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центарна МАРнет, ресурси кои ги нуди МАРнет, механизми за правилно користење, како и други прашања кои се од значење за регулирање на начинот наколокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет.

## ОСНОВНИ ПОИМИ

### Член 2

- **МАРнет** е јавна установа која врши дејност од јавен интерес, основана за развој, организација и управување на единствена образовна и истражувачка телекомуникациска мрежа во Република Македонија.
- **Корисник** секој Корисник кој има својство на правно лице и кој има потпишано Договор за условите за колокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет.
- **Податочен центар** е технички простор на локација на МАРнет каде терминираат телекомуникациските врски и серверската или мрежна опрема на МАРнет или било кое трето правно лице согласно Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа („Службен весник на РМ“ бр.124/2010).
- **Колокација** е место во податочниот центар на МАРнет во кој може да се изнајми рек ормар или единица од рек ормар за сметување на компјутерско-комуникациска опрема.
- **Рек ормар** е метална рамка составена од повеќе единици за сместување на компјутерско-комуникациска опрема.
- **Единица** (UNIT) е минимален неделив простор во еден рек ормар.
- **Колокациски ресурси** се инфраструктурата и целокупната опрема во податочниот центар на МАРнет, како и вработени кои се вклучени во управување и одржување на наведените ресурси.

- **Договор за колокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет**е договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски на договорните страни во поглед на опремата и уредите на МАРнет корисникот кои се сместени во податочниот центар на МАРнет како и опремата која ќе биде сместена во иднина.
- **Алокација на опрема** подразбира сместување на опремата на МАРнет корисникот во податочниот центар на МАРнет кој обезбедува технички услови за сместување на опремата, чување на опремата. Опремата привремено се сместува во рек ормарите на МАРнет. Сместувањето на опремата не подразбира управување со таа опрема од страна на МАРнет.
- **Дозволено користење** е директно или индиректно користење на МАРнет ресурстите кое е во согласност со одредбите на овој правилник.
- **Недозволено користење** е директно или индиректно користење на МАРнет ресурстите кое е во спротивност со одредбите на овој правилник.

**Корисник**

**Член** 3

Корисници се органите на државната управа на Република Македонија, установи и други организаци утврдени со Уставот на Република Македонија и закон, како и јавни претпријатија и единици на локалната самоуправа и градот Скопје.

**Член** 4

Корисникот може да ги користи услугите на МАРнет доколку :

- има потпишано договор со МАРнет за колокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет

Корисникот своите права за користење стекнати врз основа на Договорот не може да ги пренесува на трети лица.

**Член** 5

Корисникот за да ги користи услугите на МАРнет поднесува писмено барање (во понатамошниот текст: „Барање“) заедно со документација со која се докажува исполнувањето на условите од член 3 став 1 од овој правилник.

Со корисникот кој ги исполнува сите услови предвидени во овој акт МАРнет склучува договор за условите за колокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет (во натамошниот текст: „Договор“).

**Член 6**

Корисник може да престане да ги користи услугите на МАРнет:

- на барање на корисникот,
- згаснување или престанок на корисникот,
- промена на дејност, статусни промени и промена на правен облик на МАРнет корисникот, промена со која настанало правно лице кое не се смета за корисник на услугите на МАРнет во смисла на член 3 од овој акт и Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа,
- во случај на несоодветно користење на колокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет,
- во случај кога корисникот не постапува во согласност со одредбите од договорот за условите за колокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет и други договори за поврзување или користење на поеднинечни МАРнет услуги,
- раскинување на договорот,
- неисполнување на било кој услов од член 4 од овој акт, а кое неисполнување настапило по стекнувањето на статусот на корисник.

**Општи правила за колокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет**

**Член 7**

Право за колокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет имаат корисниците кои имаат потпишано Договор со МАРнет за условите за колокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет.

Со колокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет на корисниците им се овозможува физичко сместување на компјутерско-комуникациска опрема и рек ормари.

Колокацијата на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет на корисникот подразбира исклучиво колокација на физички рек ормар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет.

Корисникот на МАРнет ќе обезбеди колокацијата на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет во зависност од слободниот расположлив простор во податочниот центар на МАРнет.

Во случај кога МАРнет не располага со слободен простор во податочниот центар на МАРнет барањето на корисникот за колокација ќе биде одбиено.

**Финансиски услови за колокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет**

**Член 8**

Корисниците за колокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет нема да плаќаат финансиски надоместок кон МАРнет.

**Права и обврски на корисникот**

**Член 9**

Корисникот самостојно управува, има потполна контрола и право на мониторинг над сите мрежни, серверски и клиентски уреди и друга опрема во негова сопственост за која склучил договор со МАРнет за колокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет а ја користи за свои потреби.

Корисникот се обврзува дека во моментот на склучување на Договорот ќе одреди лице или повеќе лица за административен и технички контакт задолжени за комуникација со МАРнет и податоците за контакт лицата ќе ги достави во МАРнет со нивна согласност.

Назначениот технички контакт по пат на електронска пошта може да побара од вработените во МАРнет да се изврши рестарт и визуелна проверка на серверската опрема во работното време на МАРнет.

Корисникот може во текот на работното време на МАРнет да изврши надзор на сите мрежни, серверски и клиентски уреди во негова спотсвеност.

**Управување, контрола и мониторинг на колокациските ресурси**

**Член 10**

Просторијата за сместување на опрема ги исполнува следниве услови:

- Непрекинато напојување(напон 220V),
- UPS уреди,

- Агрегат,
- Климатизација
- Против пожарен систем,
- Систем за надзор и контрола на пристап.

МАРнет во пополност и без ограничување самостојно управува, има потполна контрола и право на мониторинг над опремата од став 1.

МАРнет ќе настојува да спречи било каква активност која може да предизвика пречка на корисникот при користење на МАРнет услугите или оштетување на колокациските ресурси, како и да ги намали последиците од таквите евентуални штетни активности.

**Недозволено користење на Колокациските ресурси**

**Член 11**

Недозволеното користење на колокациските ресурси подразбира однесувања и активности на корисникот кој ги користи колокациските ресурси на начин кој не е во согласност со член 13 од овој акт, а посебно:

- доколку се загрозува непреченото користење на колокациските ресурси, се загрозува непреченото и нормалното функционирање на колокациските ресурси, се загрозува и нарушува нормалното функционирање и безбедноста на колокациските ресурси,
- доколку се предизвикува неоправдано оптеретување на колокациските ресурси или ресурсите на другите мрежи, како и зголемено ангажирање вработените за одржување на тие ресурси внатре во МАРнет.
- доколку со тоа се прави повреда на овој акт, посебни правилници за поединечни услуги доколку постојат или договори кои МАРнет ги склучил со корисниците.
- доколку корисник на МАРнет директно или индиректно поврзе, внесе опрема или овозможи користење на опремата и услугите или додели право на корисник, комерцијално или без надоместок од правното или физичкото лице за кое МАРнет нема дадено одобрување да може да ги користи ресурсите и услугите на МАРнет.
- доколку продолжува со користење на некој ресурс или услуга на МАРнет откако МАРнет во согласност со одредбите на овој акт или посебни правилници за посебни услуги доколку постојат, побарал користењето на ресурсот или услугата да престане.
- доколку не постапува во согласност опомента или одлуката на МАРнет донесена по пријава или по службена должност.

**Дозволено користење на колокација на рек ормар во податочниот центар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет**

**Член 13**

Дозволено е секое користење на колокациските ресурси од страна на корисниците, во случаите кои не се изрично забранети со одредбите од овој акт и позитивните акти на Република Македонија кои ја регулираат оваа област.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 14**

Во посебно итни случаеви заради зачувување на функционалноста и безбедноста на колокациските ресурси, опомена може да се изрече и дополнително, по суспендирање на услугата која е загрозена.

Корисникот на кого некоја услуга му е привремено суспендирана поради кршење на одредбите од овој акт може да се обрати до МАРнет со барање за повторно воспоставување на услугата.

**Член 15**

МАРнет не е одговорен за штетата која корисникот ја претрпува при користење на колокациските ресурси, освен ако се работи за штета која е предизвикана со намера или невнимание на МАРнет.

МАРнет не одговара за намалување на квалитетот на МАРнет услугата кое намалување е настанато од активности кои преставуваат недозволено работење во смисла на овој акт, како и од објективни причини кои не можат да се предвидат, избегнат или отстранат.

МАРнет не е одговорен за безбедноста на уредите со кои управува корисникот, па со тоа ни за евентуалната штета настаната на овие уреди како резултат од недозволено користење на колокациските ресурси.

**Член 16**

Сите правни лица кои до денот на стапување на сила на овој акт имаат алоцирано опрема во податочниот центар се должни по стапување на сила на овие општи правила и услови за колокација на рек ормар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет во рок од 30 (триесет) дена да склучат Договор со МАРнет во согласност со општите правила и услови за колокација на рек ормар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет и во целост да постапат во согласност со истите во спротивно опремата ќе биде извадена од податочниот центар.

Договори за привремено алоцирање на опремата на МАРнет за цел користење на МАРнет мрежата и сервисите кои се склучени до денот на стапување на сила на општите правила и услови за колокација на рек ормар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет, остануваат да важат и по стапувањето на сила на општите правила и услови за колокација на рек ормар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет.

**Член 17**

Општите правила и услови за колокација на рек ормар или единица од рек ормар во податочниот центар на МАРнет правилник стапува на сила на денот на донесувањто и по објавувањето на официјалната интернет страница на МАРнет.

| | |
|---|---|
| Датум: | Претседател на Управен одбор<br>Д-р Пеце Митревски |
| | |